Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 9, 2 јули 2008 година

јули 2008
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето доцент на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето доцент на Педагошкиот Факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент по предметите Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот (Оддел за предучилишно воспитание и образование) и Методика на работа со надарени деца (Оддел за предучилишно воспитание и образование и Оддел за одделенска настава) на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звањето асистент по предмети од областа *наоѓалишта на минерални суровини* на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање за наставно-уметничката област *вокално пеење* на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 30

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Дигитална логика” од доц. д-р Цвета Мартиновска ........ 33

34

Издавач:
Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕТО ДОЦЕНТ НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

На редовната седница на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет во Штип од 15 мај 2008 година, избрани сме за членови на Рецензентска комисија за изготвување реферат за избор на наставник во звањето доцент за предмети од научната област *педагогија*: *Методологија на педагошко истражување* на Одделот за одделенска настава и предучилишно воспитување, *Методика на воспитно-образовната работа за природната и општествената средина* на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

На распишаниот конкурс од страна на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, објавен во весникот „Нова Македонија“ од 17 април 2008 година, се јави само кандидатката д-р Снежана Јованова–Митковска.

Врз основа на член 132, став 2 и 3 од Законот за високото образование на РМ („Службен весник на РМ“ бр. 35/2008), а во согласност со актите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Статутот и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања, по увидот на целокупната приложена документација и познавање на академскиот раст на кандидатката, Рецензентската комисија во состав:

1. проф. д-р Снежана Адамческа, претседател
2. проф. д-р Кирил Цацков, член
3. доц. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, член

има чест и особено задоволство на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет да го поднесе следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

**1. Основни биографски податоци**

**Јованова - Митковска (Милан) Снежана** е родена во Штип на 6 март 1969 година. Основно образование завршува во родното место, со континуиран одличен успех по сите наставни предмети и воспитно-образовни подрачја.

Средно образование продолжува во Штип, во гимназијата „Славчо Стојменски“, првите две години, а наредните две години од средното образование на воспитно-образовната насока при ПА „Гоце Делчев“ во Штип. Средно образование завршува во учебната 1986/87 година со континуиран одличен успех.

Своето понатамошно образование го продолжува на Филозофскиот факултет во Скопје, на Институтот за педагогија во учебната 1987/88 година. Како редовен студент со успех ги полага испитите и станува корисник на стипендија за талентирани студенти од Министерството за образование и физичка култура. Студиите ги завршува на 28.6.1991 година, со просечен успех 9,08 и стекнува диплома за завршени студии со одличен успех на Институтот за педагогија.

По дипломирањето Јованова-Митковска континуирано работи на своите професионални компетенции со успешно завршување на неколку курсеви: курс за книговодители (5 години работи материјално и финансово книговодство во ППС „Мелита“ во Штип), курс за компјутери, курс по англиски и курс по руски јазик.

Во 1997 година Снежана Јованова-Митковска се запишува на постдипломски студии

на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје. Корисник е на стипендија од Министерството за наука во Скопје.

Предвидените испити од I и II година на постдипломските студии при Институтот за педагогија ги завршува во мај 2000 година. На 30.10.2000 година успешно го одбранува магистерскиот труд под наслов „*Микропедагошки аспекти на училишната интеракција*", стекнувајќи се со академски степен - магистер по педагошки науки.

Како продолжение на нејзиниот професионален ангажман Снежана Јованова-Митковска на 29.1.2008 година го одбранува докторскиот труд под наслов „*Развојни стратегии и модел на работа на почетното математичко образование*", стекнувајќи се со академски степен - доктор по педагошки науки.

Докторската дисертација на тема „*Развојни стратегии и модели на работа на почетното математичко образование*", изработена од Снежана Јованова-Митковска актуелизира бројни прашања од теоретски и практичен карактер кои претставуваат фокус на современото гледање на математичката раноучилишна настава. Со понудата на наслов кој е своевидна провокација за истражување, Јованова-Митковска наметнува низа прашања чии одговори сѐ уште се бараат во филозофските, психолошките и дидактичко-методичките расправи за раното учење и поучување во рамките на почетната настава по математика во рамките на теоретските извори, но и во нашата наставна практика. Докторската дисертација на Јованова-Митковска дава низа одговори на овие прашања, имајќи ги предвид спецификите на нашето раноучилишно воспитание преку развој на вештините и способностите на децата за совладување на математичките категории, принципи и законитости во вид на знаења.

Суштинско прашања во докторската дисертација е кои и какви приоди се користат во реализацијата на целите и усвојување на содржини од математички и нематематички карактер. Посебен акцент е ставен на процесите на учење и поучување во рамките на тоа програмско подрачје и со какви стратегиски постапки детето/ученик се оспособува математички да мисли преку воочување на квантитативните аспекти и димензии на стварноста, како ја перцепира својата околина во вид на различни објекти со различни, слични и идентични својства и обележја.

Во тесна врска со тоа е прашањето дали детето/ученик од раноучилишна возраст учи математика или севкупниот концепт на ова подрачје во програмска и процесна смисла има карактер на воведување во основите на математиката која подоцна ќе се проучува, односно дали раноучилишното учење не претставува своевидна пропедевтика во математичката сфера. Детето/ученик од раноучилишна возраст, кое е на ниво на конкретно мислење во својата околина не перцеппира ниту наставни предмети, ниту научни дисциплини. Во фокусот на неговото внимание и начини на разбирање тоа согледува често и нематематички својства кои имаат суштинско значење за сфаќање на количината и нивната меѓузависност како носечка категорија во математичкото мислење. Од тие причини, кај него се развиваат механизми и концепти на идентификација на бои, споредување на големини и релативни положби, именување на предмети според форма и сл.

Кандидатката Јованова-Митковска во својата теоретска елаборација го промовира конкретно-индуктивниот приод на воведување на децата во почетните математички поими, а подоцна прави прецизна анализа на апстрактно-дедуктивниот приод. Овие два вида на сознајни процеси кои се одвиваат понекогаш одвоено, понекогаш паралелно или наизменично претставуваат носечка основа за градење на оперативно-изведбените стратегии во почетната настава по математика кои се присутни во речиси сите проектни зафати во образованието во Република Македонија.

Со право во трудот се истакнуваат етапите на основните методички модели низ кои поминуваат процесите на учење математика кај децата. Стратешките насоки на тој план кандидатката Јованова-Митковска ги проблематизира и со право укажува дека поимот

- *математички поим* за децата од оваа возраст е дискутабилен и подложен на логичко-филозофска, па и педагошка анализа. Отворено е прашањето дали детето од 5 до 7-годишна возраст може да дефинира без да опишува, дали може да објаснува без да набројува, дали може да ги споредува фактите без да ги спротивставува итн. Од тие причини, во почетната настава по математика и во рамките на математичките игри и активности, истакнува кандидатката, децата осознаваат преку претстави, асоцијации, осмислени движења, операционализација на процедури кои постепено ги водат кон стекнување на почетно математичко искуство.

Во овој извештај го нагласуваме фактот дека кандидатката д-р Јованова-Митковска мошне сериозно и претпазливо укажува на веќе одомаќинетите модели на работа со децата од предучилишна и раноучилишна возраст кои се препознатливи во проектите и програмите именувани како *Чекор по чекор, Активна настава-интерактивно учење итн. Класична (традиционална) изведба на наставата* во сите програмски подрачја и наставни предмети, па и во математиката.

Истакнуваме еден мошне значаен факт кој и кандидатката д-р Снежана Јованова-Митковска како совесен и објективен научник-истражувач го определува т.е. мошне коректно ја идентификува разликата меѓу содржинските и оперативно-изведбените димензии на овие стратегии. Навидум, станува збор за нагласена позиција на содржинските димензии. Меѓутоа, ако се има предвид дека пристапите кон реализација на целите на секоја од нив се разликуваат првенствено според методичките модели, тогаш овде не станува збор за фрагменти или содржински компоненти од курикулумите. Во овој труд се поентирани процедурите на изведба на наставата чија динамика, методичко обликување и дизајнирање е различно и поткрепено со различна технолошка поддршка и педагошко водење од страна на воспитувачот или наставникот.

Од тие причини, кандидатката м-р Јованова говори за изведбени оперативни стратегии во математичкото образование, а не за усвојување на програмирани содржини. Во прилог на ова е и нејзината заложба за промоција на полиметодичноста и полиморфноста на сознајните процеси кои ги иницира наставникот. Овие две компоненти на сознајните процеси со нагласен комуникациско-интерактивен концепт се однесуваат на примената на методите и техниките на учење и поучување, како и на организационите форми на работа со децата во математичкото образование. Во таа смисла кандидатката Јованова-Митковска анализира повеќе методи и техники на учење и поучување, меѓу кои и играта како и неколку најзачестени организациони форми на работа на децата од фокусната група на истражување.

Со право во трудот се иницира и прашањето за тоа дали во предучилишната и во раноучилишната возраст кај нас може да се говори за воспоставена соодветна рамнотежа меѓу поучувањето и учењето, односно дали станува збор за математичко образование или за етаблиран воспитен процес насочен кон формирање и развој на вештини неопходни за математичко мислење. Оваа дилема кандидатката ја разрешува со анализа на елементи и процедури кои се идентификувани во бројните наставни ситуации што ги проследила и со чија помош е прибран огромен емпириски материјал со истражувачка улога и функција да ја потврди основната теза во теоретскиот дел од трудот дека станува збор за јасно идентификувани стратегии на изведба на ученско-поучувачките процеси, а не за усвојување на содржини. Од тие причини, во трудот се промовира проактивната улога на детето-ученик, неговите мотиви, сознајната љубопитност и интерес да се осознае она што се именува како математичка законитост, принцип или поим во најширока смисла на зборот.

Докторската дисертација со наслов „*Развојни стратегии и модели на работа на почетното математичко образование*", изработена од м-р Снежана Јованова, со својата теоретска елаборација, методолошко обликување, стил и пристап кон проблемот дава

значаен придонес во расветлувањето на еден мошне сложен и актуелен проблем во нашиот образовен систем. Бројните фактори на влијание, отсуството на стандарди, како и парцијалните приоди кон овој проблем на трудот му дава значајно нагласена научна тежина, бидејќи основниот проблем на истражување во трудот е проучен и елабориран сеопфатно и со конзистентна научна аргументација.

**2. Наставно-научна и стручна дејност**

Својата успешна универзитетска кариера кандидатката д-р Снежана Јованова-Митковска ја започнува на 14 октомври 2002 година, кога со Одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип, а по претходно објавен конкурс, истата е избрана за помлад асистент по група педагошки предмети на Одделот за предучилишно воспитување. Во учебната 2002/2003 година е ангажирана во реализацијата на вежбите од предметот *Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество* на Одделот за предучилишно воспитание и *Методика на наставата по природа и општество* на Одделот за одделенска настава, вежби кои ги реализира во текот на последните четири години.

На 18 ноември 2003 година со Одлука на Наставно-научниот совет при Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип, д-р Јованова-Митковска е избрана за асистент по предметите *Методика на воспитна работа* на Одделот за одделенска настава и *Методологија на истражувањето* на Одделот за предучилишно воспитание и одделенска настава, во реализирање на практичните вежби од наведените предмети.

На 18 декември 2006 година со Одлука на Наставно-научниот совет при Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип, д-р Јованова-Митковска повторно е реизбрана за асистент по предметите *Методика на воспитна работа* на Одделот за одделенска настава и *Методологија на истражувањето* на Одделот за предучилишно воспитание и одделенска настава, во реализирање на практичните вежби од наведените предмети. Истовремено продолжува да ги реализира и вежбите од предметот *Методика на воспитно-образовната работа за природната и општествената средина* и практичните вежби од предметот *Методика на наставата по природа и општество* на Одделот за одделенска настава.

Во текот на 2004/2005 година во соработка со студентите од III година и предметниот професор по *Методологија на истражувањето*, работи на преводот на учебникот „*Методологија на истражувањето*“ од Н. Поткоњак и В. Банѓур, извор кој студентите го користат за подготовка на испитот од наведениот предмет.

Во текот на 2004 година активно учествува на семинарите од областа на граѓанското образование, реализирани од страна на МЦГО, Бирото за развој на образованието и УСАИД, одржани во Охрид и Скопје. Активно и мошне стручно соработува во реализацијата на работилници со студентите од Педагошкиот факултет, а во соработка со Бирото за развој на образованието. Токму во врска со граѓанското образование е и студискиот претстој во Полска, реализиран во октомври 2004 година. Предмет на нејзиниот научен интерес во текот на студискиот престој е *Имплементација на граѓанското образование на педагошките факултети.*

Во 2005 година учествува како модератор при водење на сесиите на 3. Балкански конгрес, одржан во Штип, во организација на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ - Штип.

Во понатамошниот професионален и личен растеж, д-р Јованова-Митковска интензивно работи на афирмација на својот профил преку успешно ангажирање во проекти кои имаат локално, национално и регионално значење.

Како член на МЗ „Астибо“ од Штип, д-р Снежана Јованова-Митковска активно учествува на бројни семинари за што поседува и соодветни сертификати:

- Семинар на тема *Човекови и малцински права;*
- Семинар на тема *Некомпетитивни игри;*
- Семинар на тема *Комуникација со деца и работни методи;*
- Семинар на тема *Комуникација и конфликти; разрешување конфликти; градење на доверба, респект и соработка; надминување на стереотипи и мултикултурализам; креирање на групи; стратегии за пријателска поддршка; стратегии за подобрување на интеретничките релации;*
- Семинар на тема *Меѓуцентарска соработка и креирање на мрежи;*
- Семинари и обуки за детски и младински дебати;
- Семинар и обука на тема *Учиме право-street low;*
- Семинар на тема *Универзитетска конференција за интеруниверзитетска соработка* со посебен акцент на Универзитетот во Ница.

Во 2006/2007 година кандидатката д-р Јованова-Митковска работи како едукатор во реализацијата на работилници со наставници од различни средини на територијата на РМ на тема *Современи техники и методи на работа,* проект кој се реализира во рамки на проектот Модернизација на образованието поднесен од страна на НВО „Алгоритам центар" - Скопје. Истовремено учествува и во изработката на прирачникот „*Современи техники и методи на работа*".

**3. Научноистражувачка и стручно-апликативна дејност**

Д-р Снежана Јованова-Митковска објавува повеќе трудови во кои се третирани проблеми од различни области на педагошката теорија и практика:

- Јованова,С.(2001), Неправилно користење на слободното време и неговото влијание на деликвентното однесување на младите луѓе, *Штипски весник, бр.359,* Штип, стр.24-26
- Јованова,С.(2001),Современ третман на доживотното образование, *Воспитни крстопати, бр.58-59,* Скопје, стр.12-16
- Јованова,С.(2001), Училишна интеракција, *Просветно дело, бр.5,* Скопје, стр. 51-55
- Јованова,С.(2002), Потреба и значење на училишната интеракција, *Годишен зборник* на ПФ „Гоце Делчев"- Штип, стр.73-79
- Јованова,С.(2002), Услови во паралелката потребни за поефикасна настава со учениците, *Воспитание бр.2,* Педагошки факултет „Гоце Делчев"- Штип, стр.53-65
- Китанов, Б., Јованова,С.(2002),Социјалната работа и ресоцијализацијата, *Зборник на Софискиот универзитет,* Факултет по педагогика „Св.Климент Охридски" -Софија
- Јованова,С.(2003/2004), Екскурзијата и нејзиното значење во наставата по природа и општество, *Воспитание, бр.4-5,* Педагошки факултет „Гоце Делчев"- Штип, стр.118-126
- Јованова,С.(2003/2004), Наставни стратегии, *Годишен зборник* на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев"- Штип, книга 3-4,стр.13-21
- Китанов, Б., Цацков, К., Јованова, С. (2004), Граѓанското образование на Педагошкиот факултет во Штип, *Граѓанското образование денес,* година IV, бр.9, стр.3
- Јованова,С.(2005), Развојот на моралните чувства и вредности кај учениците од I до IV одделение низ наставата по природа и општество, *Зборник на трудови*, Здружение на просветните работници во Штип,Штип

- Јованова, С. (2004/05), Квалитативните истражувања и нивната примена во педагошката практика, *Воспитание 3-4,* Педагошки факултет „Гоце Делчев”-Штип стр.47-57
- Јованова, С. (2005/2006), Вреднување на постигањата на учениците во наставата по природа и општество, *Годишен зборник* на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев”-Штип: книга 5-6, год.3, стр.61-69
- Јованова, С. (2005/06), Видови педагошки истражувања, *Годишен зборник* на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев”- Штип: стр.47-57
- Јованова,С. (2007),Ученички проекти - СИВАП модел, *Зборник на трудови*, Здружение на просветните работници во Штип, Штип
- Јованова, С. (2007), Примена информатичке технологије при реализацији програмских садржаја из васпитно-образовног подручја познавање природне и друштвене средине-методски приказ реализацији усмерене активности у старијој групи, *Зборник трудова,* Нови Сад
- Јованова,С., Барбареев, К.,(2007), Демократијата и образованието, *Зборник на трудови,* Благоевград, стр.45
- Јованова, С., Барбареев К., (2008), Значењето и улогата на ИКТ за доживотното образование, Сомбор: *Зборник на Учителскиот факултет* (во печат)
- Јованова-Митковска С., (2008), Што е најдоброто за кое треба да се избориш за унапредување на образовната улога на училиштето, Скопје, *Зборник на Педагошкиот факултет,* (во печат)
- Jovanova-Mitkovska, S.,(2008), Teacher's professional development and Bologna process, Evroart, Blagoevgrad (vo pecat)

Во периодот по изборот во звањето асистент со свои прилози д-р Јованова учествува на неколку научни конференции од национален и меѓународен карактер:

- Научна конференција во Нови Сад (2007), со труд под наслов *„Примена на информатичката технологија при реализација на програмските содржини од воспитно-образовното подрачје запознавање на природната и општествената средина – методски приказ за реализација на насочена активност во голема група”.*
- Научна конференција во Благоевград, Р. Бугарија (2007), со труд под наслов *„Демократијата и образованието“.*
- Научна конференција во Штип (2007), организирана од страна на Граѓанската асоцијација на учители со труд под наслов *„Ученички проекти-СИВАП модел“.*
- Научна конференција организирана од Педагошкиот факултет во Сомбор (март 2008) под наслов *„Значењето и улогата на ИТ во доживотното учење“.*

Со особено задоволство презентираме куса анализа на објавените трудови на д-р Снежана Јованова-Митковска:

Во трудот со наслов *„Неправилното користење на слободното време и неговото влијание на деликвентното однесување на младите луѓе“,* д-р Јованова-Митковска врши продлабочена анализа на улогата и значењето кое го има слободното време за правилниот развиток на младата личност, за неговото неправилно користење, а со тоа и појавата на деликвентното однесување на младите генерации.

Трудот со наслов *„Современ третман на доживотното образование“* претставува аналитичка студија за третманот, поставеноста, карактеристиките на доживотното образование, неговата улога и значење како водилка во животот на субјектот за активна творечка партиципација во сите сфери и дејности на општественото живеење.

*„Меѓусебните односи-основа за одвивање на училишна интеракција“* е труд во кој д-р Јованова-Митковска говори за значењето и улогата на квалитетно воспоставените меѓусебни односи меѓу наставникот и учениците како основа за воспоставување на успешна и ефективна училишна интеракција.

*„Услови во паралелката потребни за поефикасна настава со учениците“* е труд во кој д-р Јованова-Митковска говори за севкупните реформски движења присутни и на подрачјето на воспитанието и образованието кои оставија свој белег во третманот, позицијата на субјективните фактори во образованието, како и во дизајнирањето на соодветни услови неопходни за ефикасна работа со учениците.

Социјалната работа и ресоцијализацијата е труд во кој авторката нуди сериозна теоретска разработка и дескрипција на процесот на социјална рехабилитација. Опишани се две фундментални функции на социјалната рехабилитација. Станува збор за релациите и зависноста помеѓу социјалната работа и процесот на социјална превентивна рехабилитација, помеѓу социјалнатата работа и реедукацијата, адаптирањето и реадаптирањето како меѓусебно поврзани компоненти.

Во трудот со наслов *„Екскурзијата и нејзиното значење во наставата по природа и општество“* д-р Јованова Митковска подетално анализира една од позначајните форми на воспитно-образовна дејност која придонесува за остварување на воспитно-образовните цели и задачи - екскурзијата, нејзиното определување, важност, значење, начинот на организирање и реализирање, како артикулациони стратешко-методичките етапи на остварување во нашата наставна и воннаставна практика.

Во трудот со наслов *„Наставни стратегии“* авторката става акцент на новите наставни стратегии, нивното значење и примена во современите модели на воспитно-образовна и наставна работа.

*„Граѓанското образование на Педагошкиот факултет во Штип“* е труд во кој станува збор за конкретната состојба со оглед на поставеноста на граѓанското образование и тенденциите за неговото имплементирање преку создавање на соодветни програмски модули и пристапи на работа со учениците кои постапно развиваат вештини за ефикасно социјално живеење.

*„Развојот на моралните чувства и вредности кај учениците од I до IV одделение низ наставата по ЗПО“* е труд во кој авторката говори за значењето на моралната едукација која се реализира низ целите и содржините од најразлични предмети кои ги изучуваат учениците од одделенската настава, поконкретно развојот на моралната свест, моралните принципи и моралните чувства кои се реализираат низ најразличните содрини од наставата по природа и општество, кои со својата структуираност ја овозможуваат моралната едукација.

Во трудот *„Квалитативните истражувања и нивната практична примена“* станува збор за се помасовната примена на квалитативните истражувања во практиката на макро и микро план, со посебен осврт на примената на техниките анализа на содржината, техниката на партиципативно набљудување и техниката на интервјуирање, како и анализата на партиципативното набљудување во рамките на паралелката.

Во трудот со наслов *„Видови педагошки истражувања“* д-р Јованова-Митковска го актуализира фундаменталното прашање на современата методолошка наука во областа на педагогијата и говори за различните видови педагошки истражувања кои најчесто се среќаваат и применуваат во истражувачката теорија и практика, како: фундаментални, теориски, применети, емпириски, развојни, акциони, социометриски, кавнтитативни, квалитативни итн.

*„Ученички проекти-СИВАП модел“* авторката говори за сѐ помасовната примена на проектните активности во училиштето, како и за начинот на изработка на ученички проекти според т.н. СИВАП моделот како еден од главните тенденции во методологијата на училишното проектирање.

*„Примена на информатичката технологија при реализацијата на програмски содржини од воспитно-образовното подрачје ПО-методски приказ на реализација на насочена активност во големата група“* авторката говори за примената на ИКТ и нејзиниот придонес во градењето на нова стратегија која се применува во предучилишнотовоспитание, имајќи ги предвид индивидуалните разлики, предзнаењата, современите потреби и интеракцијата на децата од предучилишна возраст.

*„Демократијата и образованието“* е сериозна научна студија во која авторката го актуализира проблемот на демократските процеси, третманот и поставеноста на демократското училиште, како и улогата и значењето на сите партиципиенти во негувањето на демократијата во образовната сфера.

*„Значењето и улогата на ИТ за доживотното образование“* е научен прилог во кој авторката говори за современите трендови во сите сфери на живеење-интензивната партиципација на ИТ во сите сфери вклучувајќи ја и образовната сфера како и значењето и улогата на ИТ за доживотното образование за генерациите од сите возрасни групации.

*„Што е најдоброто за кое треба да се избориш за унапредување на образовната улога на училиштето“* е труд во кој д-р Јованова Митковска говори за третманот на современото, модерно училиште, бројните барања кои му се поставуваат во вид на стандарди и дескриптори на ефективност, реализацијата на образовната и воспитна функција, како и улогата која треба да ја има секој партиципиент во училиштето и нивната мисија во унапредување на неговата образовна улога и мисија.

**4. Организационо-развојна дејност**

Покрај обемниот ангажман во наставната дејност, д-р Јованова Митковска активно работи во областа на академското промовирање на Педагошкиот факултет.

Во текот на 2006/2007 година д-р Јованова-Митковска е ангажирана како член на:

- Уредувачкиот одбор на *Годишниот зборник* на Педагошкиот факултет;
- Уредувачкиот одбор на списанието *Воспитание,* чиј издавач е Педагошкиот факултет од Штип;
- Комисијата за ревидирање на студиските програми на Педагошкиот факултет во Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Д-р Снежана Јованова-Митковска располага со нагласен професионален потенцијал кој континуирано го користи во реализацијата на секојдневните работни обврски. Оперативно-изведбените обележја на наставните дисциплини чија настава ја реализира ги почитува преку индивидуална работа со студентите, особено во доменот на нивниот практичен ангажман во врска со наставната практика и подготовката за реализација на самостојни наставни часови и истражувачки проекти. Ги истакнуваме нејзините професионални заложби за иновирање на наставниот процес кој заедно со студентите го дизајнира и имплементира во проектните основни училишта, што укажува на нејзината грижа за градење на иновирани педагошки компетенции на студентите- идните наставници.

Ценејќи ги нејзините високопрофесионални и академски потенцијали и досегашни мошне успешни постигања на наставен и стручно-научен план, нејзиниот творечки интерес и опус, како и нејзиниот ентузијазам и сеопфатност во извршувањето на секојдневните работни обврски и заложби за афирмација на наставничкиот позив и педагошката наука, со особена чест и задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип **д-р Снежана Јованова-Митковска да ја избере во звањето доцент по предметите** *Методологија на педагошките истражувања* и *Методика на воспитно-образовната работа по природната и општествената средина* на Одделот за предучилишно воспитување на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Снежана Адамческа, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Кирил Цацков, член, с.р.**

**Доц. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, член, с.р.**